# ЗНМ ГИ ОСУДУВА ЗАКАНИТЕ КОН НОВИНАРОТ ОД „ТЕТОВАСОТ“ НЕВРИЈ АДЕМИ

Share
Tweet




Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) ги осудува заканите кон новинарот на Тетовасот Неврij Адеми од страна на вработено лице во општина Тетово.

По објавената сторија од страна на новинарот од Тетовасот Неврij Адеми за непотизмот во процесот на вработување на сопругата на Раководителот на секторот за образование во општина Тетово Валидин Адеми, вчера добил онлајн закана на Фејсбук од страна на братот на раководителот Адеми.

Според укажувањата на колегата, лицето Валмир Адеми вчера во приватна порака му се заканил со зборовите: ,,Ми чепкаш во лебот и во семејството затоа од овој момент, ти заедно со твојот газда пазете се”.

Заканата е пријавена во Министерството за внатрешни работи и според информациите од колегата Невриј закануваочот бил спроведен во полициска станица.

Овој случај е пријавен во Министерството за внатрешни работи, а ЗНМ ќе ја следи истрагата и ќе бара итна реакција од надлежните институции.

ЗНМ ќе се обрати до Градоначалникот на Општина Тетово Билал Касами и ќе инсистира на одговорност од страна на на лицето кое упатило закана кон новинарот Адеми.

Администратор 15/04/2023 04:22

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**Министерот за правда редовно ќе информира за функционирањето на работната група , изјави Ковачевски (/Home/PostDetails?PostId=536085)**



**Ковачевски: Кога ќе кажат од Собранието веднаш ќе биде презентиран Договорот со „Бехтел и Енка“ (/Home/PostDetails?PostId=536084)**



**Манолева: Има подобрување на националниот опфат кај редовните вакцини за деца, но не е достигнат препорачаниот праг за колективен имунитет (/Home/PostDetails?PostId=536081)**




**Ковачевски: Писмото на Агелер е пратено секаде каде што е потребно, опозицијата да се праша за законите блокирани во Собранието (/Home/PostDetails?PostId=536080)**



**Пациентите со цистична фиброза ќе протестираат на 3 мај, ако не добијат одговор до каде е работата со набавката на „трикафта“ (/Home/PostDetails?PostId=536077)**



**Пендаровски: Државата нема да пропадне ако ги внесеме Бугарите во Уставот (/Home/PostDetails?PostId=536076)**



**МТСП: Изградбата на коридорите обезбедува нови работни места и почитување на правата на работниците заштитени со закон (/Home/PostDetails?PostId=536065)**



**Бранителите на Канческа Милевска побараа ослободителна пресуда (/Home/PostDetails?PostId=536064)**



**Македонски претставници на обука организирана од „Академијата за криминал против дивиот свет“ во Шпанија (/Home/PostDetails?PostId=536057)**

Makpress.mk
47,903 likes

Like Page Share

**Makpress.mk**
about 5 months ago

Албанската полиција во соработка со американската ДЕА, албански СПАК и црногорската полиција заплени околу 400 кокаин скриен во вреќи со вештачко ѓубре.

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk